ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

NATIONAL
DEMOCRATIC
INSTITUTE

# Меморандум за соработка

меѓу

Националниот демократски институт (НДИ)

и

Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија (ДЗР)

05 мај 2023 година

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

## Извршно резиме

Овој Меморандум за соработка (во натамошниот текст „Меморандум") е потпишан на 05 мај 2023 година помеѓу

**НАЦИОНАЛНИОТ ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ,** ул. Димитрија Чуповски 5, Скопје, Република Северна Македонија (во натамошниот текст „НДИ")

и

**ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА,** ул. Павел Шатев 2, Палата Емануел Чучков, Скопје, Република Северна Македонија (во натамошниот текст „ДЗР")

(во натамошниот текст поединечно како „Страна" и заедно „Страни").

**ЗЕМАЈЌИ ВО ПРЕДВИД ДЕКА:**

А. Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ) е непрофитна, непартиска организација, која работи за поддршка и за зацврстување на демократските институции низ целиот свет преку учество на граѓаните, отвореност и отчетност на Владата. Од 1993 година, НДИ работи во Северна Македонија со Парламентот, Владата, канцеларијата на претседателот, политичките партии и граѓанското општество и развива и спроведува иновативни, релевантни и одржливи програми кои напредуваат со партнерство и тимска работа.

Б. Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија (ДЗР) е независна врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија која повеќе од 20 години транспарентно, навремено и објективно ја информира јавноста за наодите од спроведените ревизии. Мисијата на институцијата е навремено и објективно да информира за наодите од ревизијата до Собранието, Владата, другите јавни институции и да дава ефективни препораки за поддршка на државните институции во подобрување на управувањето со јавните средства, а со тоа да го подобрат животот на граѓаните на Република Северна Македонија.

## 2. Цели и области на соработка

Страните ги идентификуваа следните цели за соработка:

(a) зајакнување на соработката со Собранието на Република Северна Македонија за разгледување на ревизорските извештаи,

(b) зајакнување на парламентарниот надзор на користењето на јавните средства, во согласност со Меморандумот за соработка потпишан меѓу ДЗР и Собранието,

(c) зголемена ефективност на работата на ДЗР во извршувањето на редовните ревизорски функции /менаџмент, протокол, развој на меки вештини и искуства во извршните транзиции,

(d) унапредување преку дигитализацијата и воведување на иновативни алатки и софтверски решенија,

(e) подобрена транспарентност и отчетност.

Поконкретно, клучните активности предвидени како поддршка за ДЗР се следните:

(a) НДИ ќе го поддржи ДЗР преку развивање и зајакнување на соработката со други Врховни ревизорски институции особено за ревизија на успешност, ИТ ревизија и ИТ поддршка на ревизијата, улогата на ДЗР во спречувањето на корупцијата, форензичка ревизија, стратешко планирање, следење на имплементацијата на дадените препораките, пристап заснован на ризик и анализа на трошоци и придобивки во ревизијата и искуства во делот на извршни транзиции;

(b) НДИ ќе го поддржи ДЗР во делот на зајакнување на соработката со Собранието на Република Северна Македонија за разгледување на ревизорските извештаи и зајакнување на парламентарниот надзор на користењето на јавните средства, во согласност со потпишаниот Меморандумот за соработка помеѓу ДЗР и Собранието, особено во однос на:

- зајакнување на соработката со Комисијата за финансирање и буџет, Парламентарниот институт и Парламентарната буџетска канцеларија;
- дефинирање план за обука за пратениците на Комисијата за финансирање и буџет и другите пратеници кои учествуваат во работата на комисиите и на собраниската администрација за да се олесни разбирањето на ревизорските извештаи и да се подготват за дебати за ревизорските извештаи;
- организирање обуки во согласност со планот за обука за пратениците и администрацијата на Собранието за да се олесни разбирањето на